## ЈАВЕН ПОВИК ЗА УВИД ВО ПОСЕБНИОТ ИЗБИРАЧКИ СПИСОК НА НАЦИОНАЛНОТО МАЛЦИНСТВО

Непосредните избори за членовите на националните совети на националните малцинства ќе бидат одржани на **4ти ноември 2018та година.**

Изборно право на изборите за членовите на националните совети на националните малцинства имаат **припадниците на националното малцинство кои се запишани во посебниот избирачки список на националното малцинство.** Право на упис во посебниот избирачки список има секој припадник на националното малцинство кој е запишан во единствениот избирачки список. Упис во посебниот избирачки список се врши врз основа на писмено барање, според местото на живеалиште, односно местото на престојувалиште за интерно раселени лица.

Барањето, граѓаните можат да го предадат, секој работен ден од 7,00-15,00 часот во Општинската управа на Општина Пландиште, во канцеларија број 1.

На веб-страната на Министерството за државна управа и локална самоуправа http://www.mduls.gov.rs поставени се барања за упис и бришење од посебниот избирачки список, а можат да се преземат и од Општинската управа на Општина Пландиште, во канцеларија број 1.

Потребно е барањето за упис во посебниот бирачки список да биде читко пополнет и потпишан од подносителот на барањето. Сите податоци во барањето мораат да бидат пополнети идентично како што се запишани во личната карта на подносителот.

Посебниот избирачки список на националното малцинство се заклучува на **19ти октомври 2018та година во 24,00 часот.**

По заклучувањето на посебниот бирачки список на националното малцинство од **20ти октомври до 31ви октомври 2018та година во 24,00 часот** (најдоцна 72 часа пред денот одреден за одржување на изборите) барањето за упис во посебниот избирачки список на националното малцинство може да се поднесе во Министерството за државна управа и локална самоуправа, непосредно или преку Општинската управа на Општина Пландиште, според местото на престојувалиште.

Од прогласувањето на изборната листа право на увид во посебниот избирачки список на националното малцинство имаат овластените претставници подносители на прогласените изборни листи.

Увид во посебниот избирачки список може да се изврши и преку електронски пат на официјалната веб-страна на Министерството за државна управа и локална самоуправа http://www.mduls.gov.rs со внесување на податоци за единствениот матичен број на граѓанинот.

Се повикуваат сите бирачи кои имаат поднесено барање за упис во посебниот бирачки список на националното малцинство да проверат дали се запишани во посебниот бирачки список и дали нивните податоци во посебниот избирачки список се ажурирани

**ОПШТИНСКА УПРАВА**